Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-480/3
16-07-2024 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-480/1 од 01.07.2024 година, поднесена од [redacted] од Охрид, со адреса на живеење на [redacted] во Охрид, за извршена дискриминација врз основа на национална или етничка припадност во областа на јавното информирање и медиумите, од страна на [redacted] Прилеп, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација "(Службен Весник на Република Северна Македонија", бр. 258/2020) го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08-480/1 од 01.07.2024 година, поднесена од [redacted] од Охрид, **ЗАРАДИ НЕУРЕДНОСТ.**

## О б р а з л о ж е н и е

На 01.07.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во понатамошниот текст: Комисијата) по електорнски пат беше поднесена претставка за заштита од дискриминација од страна на [redacted] од Охрид, заведена под број 08-480/1, а против [redacted] Прилеп, за сторена дискриминација врз основа на национална или етничка припадност во областа најавното информирање и медиумите.

Согласно член 24 став (1) од Законот за спречување и заштита од дискриминација, претставката треба да ги содржи следниве елементи: податоци за подносителот, податоци за лицето против кого се поднесува претставката, околностите и фактите врз кои се темели претставката, податоци за правните дејства што претходно ги вложил подносителот, доколку ги има и потпис на подносителот.

Во поднесената форма на електронската пошта на Комисијата, недостасува делот – Образложение на претставката, во кој треба да бидат наведени факти и околности од кои ќе се стори веројатно дека е извршена дискриминација. Поради ова на 01.07.2024 година Комисијата, согласно член 24 став (2) од Законот за спречување и заштита од дискриминација, до подносителката на претставката се обиде по електронски пат да достави Барање за доуредување на истата, а на нејзината електронска адреса- меил, наведена во електорнската форма. Барањето не беше

доставено со оглед да подносителката навела неточна или непостоечка меил адреса. По ова, на 04.07.2024 година, Комисијата направи повторен обид на подносителката да и достави Барање за доуредување на претставка заведено под број 08-480/2 кон кое е приложен Формулар-Претставка кој подносителката требаше да го пополни и да го достави до Комисијата. Ова беше направено по писмен пат, на домашната адреса наведена од страна на подносителката, но пратката е вратена во Комисијата, па следствено достава на наведената адреса не можела да биде извршена. Воедно подносителката во електорнската форма со која пријавила дискриминација не навела контакт телефон.

Земено предвид наведеното, Комисијата не беше во можност на ниту еден начин да изврши достава на Барањето за доуредување на претставката до подносителката, па поради наведеното не е во можност да постапува по истата. Со оглед на горното, се одлучи како во диспозитивот на овој Заклучок.

Скопје
11.07.2024 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Заменик Претседател
Лимко Бејзароски

Доставено до:

- [redacted]
- Архива на КСЗД